д). Рок на отпочнување за вршење на дејноста од јавен интерес –
**давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници** ................ 10 бода

ВКУПНО : 100 бода

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 07 - 1598/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.06.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЕКСПЕРТ ЗА УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ЗА ЈАВНА АВОБУСКА СТАНИЦА ВО ПРИЛЕП**

1. Решението за именување експерт за учество во работата на Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна авобуска станица во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1622/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.06.2008 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 37 став 4 и член 92 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр. 7/2008) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.06.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување експерт за учество во работата во Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп

1. Како експерт за учество во работата во Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп да биде именуван: Дејан Конески, дипл.инж. арх.(моб.тел. 075 - 628 - 661).

2. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1598/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.06.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за разрешување и именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот,се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1622/12
26.06.2008 год.
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (“Службен весник на РМ” бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласни на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.06.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Да бидат разрешени членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1/2006, 6/2006, 12/2007, 20/2007 и 3/2008) и тоа: Талеска Татјана; Ѓоргоски Киро; Јовчески Кирил; Самакоска Цветанка;Спиркоска Александра;Анѓелкоска Соња; Велеска Катерина;Стојковска Тајна; Огненоска Мирјана; Бунтеска Елизабета;Трајкоска Даниела;Богески Методија; Вурмески Станко;Атанасоска Христина и Данчевска Биљана.

2. За членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, да бидат именувани:

- Натали Гешоска,
- Анета Наумоска,
- Снежана Николова,
- Александра Велјаноска,
- Снежана Стојаноска,
- Слободанка Ѓорѓиева,
- Сена Богданоска,
- Натали Ѓошоска,
- Живко Јовески,
- Даниела Нестороска,
- Марија Тошева,
- Игор Крстески,
- Александра Стевческа,
- Благоја Аџулески,
- Марина Велјаноска.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот, архивата и благајната на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1598/13
24.06.2008 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИМЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ИМЕТО НА ФИРМАТА ТД "ЗЕМЈОДЕЛСКО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ ПРИЛЕП" Д.О.О. - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ТД "Земјоделско индустриски комбинат Прилеп" Д.О.О. - Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1622/13
26.06.2008 год.
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 48 став 2 од Законот трговските друштва ("Службен весник на РМ"бр.28/2004) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.06.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ТД "Земјоделско индустриски комбинат Прилеп" ДОО - Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ТД "Земјоделско индустриски комбинат Прилеп" ДОО - Прилеп.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1598/14
24.06.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ -ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БР. 20, УРБАН БЛОК 20/3 - ДЕЛ, БЛОК "А" ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ бр. 20, урбан блок 20/3 - дел, блок "А" во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1622/14
26.06.2008 год.
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/07), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.06.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УАЕ бр.20, Урбан блок 20/3 - дел, Блок"А", во Прилеп**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.20, Урбан блок 20/3- дел,Блок " А", во Прилеп** , како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од север граница е коритото на градската река, од исток осовината на собирната улица "Трајко Николоски",од југ осовина на улицата "Бистра Планина" и продолжува по границите на КП бр.20066,КП 20067 и КП бр.20068/1 се до реката.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 3,03 ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.-ДУП за УАЕ бр.20, Урбан блок 20/3 - дел,Блок " А",во Прилеп,**фаза **Нацрт План** изработен од ,,Стил Проект" ДООЕЛ од Прилеп,**техн.бр.21/07**, од Мај 2008 год.,заверен во општина Прилеп под бр.09-81/6 од 17.06.2008 год.

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**1.**Насловна страна

**2.**Содржина

**3**.Извод од регистрација на проектанска организација

**4**.Овластување на фирмата и проектантот

**5. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

5.1 **-** Вовед

5.2.Програмска задача

5.3.Извод од постоен ГУП

5.4.Анализа на постијна состојба

5.5. Билансни показатели и нумерички показатели

На постојна состојба

5.6. **-Графички прилози**

**-** Извод од ГУП на град Прилеп М=1:5000

- Геодетска подлога од 1968 год. М= 1:2500

- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

- Инвентаризација и класификација на постоен

Градежен фонд,постојни сообраќајници и инфраструктура М= 1: 1000

**6.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

6.1.Намена на површини и градби

6.2.Површина за градба и висински план

6.3.Општи услови за изградба,развој и користење на земјиштето и градбите

6.4.Посебни услови за изградба,развој и користење на земјиштето и градбите

6.5.Зелени површини и елементи на заштита на животната средина со урбаната опрема

6.6.Сообраќај

6.7.Водовод и канализација

6.8. Електрика и ПТТ

6.9. Економско образложение

6.10.Останато

**7.НУМЕРИЧКИ И БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА**

**8.ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

8.1.План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

8.2.Регулационен план и план на површини за градење М=1:1000

8.3. Сообраќаен план и нивелационен план заедно со план на зеленило М=1:1000

8.4.ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

-Водовод

-Канализација

-Електрика

-ПТТ

8.5.СИНТЕЗЕН ПЛАН НА ЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА М=1:1000

**2.Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Декември 2007год., изработена од " Ин-Пума " –ДОО - Скопје,заведена во Општина Прилеп под бр.09-2282/2 од 26.12.2007год.

**3.Одговор на забелешките од стручната ревизија техн.бр.21/07** од Декември 2007год.,од изработувачот на планот ,заведена во Општина Прилеп под бр.09-81/3 од 14.03.2008год.

**4.Стручно мислење бр.16-913 од 24.02.2008год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот – Скопје.

**5.Одговор на забелешките од стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот,од Септември 2007год. ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-81/7 од 17.06.2008год.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 1598/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.06.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаџија

**АКТ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

**О Г Л А С**

**За доделување на договор за Јавно приватно партнерство " Изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници "на територијата и за потребите на ЕЛС-Општина Прилеп бр.1/2008**

**Дел I- Договорен орган- Јавен партнер**

Единица на локална самоуправа - Општина Прилеп , со адреса на ул."Питу Гули" бр.2-Прилеп , телефон за контакт 075 427 438 , контакт лице Ицко Чупаркоски

**Дел II-Предмет и Цел на договорот на јавно приватно партнерство –**

- " Изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници " на територијата и за потребите на ЕЛС-Општина Прилеп бр.1/2008 **,** односно Предмет на јавното приватно партнерство е изградба на јавна автобуска станица во Прилеп на градежно земјиште на КП.бр.19447/2 евидентирана во Имотен лист број 15248 КО Прилеп со површина од 4267 $м^2$ , согласно извод од Детален урбанистички план бр.09-1519/2 , врз основа на изработената инвестиционо-техничка документација за изградба на овој објект како и извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници

**Дел III-Вид на постапка**

-Доделувањето на Договорот за јавно приватно партнерство ќе се спроведе во Отворена постапка спгласно на чл.31 однос членовите 31 до 75 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.7/2008).

**Дел IV-Опис , правен сататус и местоположбата на објектот наменет за Автобуска станица за извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници кој ќе биде предмет на договорот за јавно приватно партнерство**

- Објектот предмет на договорот за јавно приватно партнерство ќе биде лоциран во Прилеп на градежно земјиште на КП.бр.19447/2 , кое е во трајно користење на ЕЛС-Општина Прилеп , евидентирано во Имотен лист број 15248 КО Прилеп со површина од 4267 $м^2$ , согласно извод од Детален урбанистички план бр.09-1519/2

- Избраниот Приватен партнер со кој ќе се склучи договор за јавно приватно партнерство , објектот ќе го гради во име на Јавниот партнер –ЕЛС-Општина Прилеп , И истиот останува во сопственост на Јавниот партнер.

- Објектот предмет на јавното приватно партнерство , од страна на Јавниот партнер , на приватниот партнер ќе му се одстапи на стопанисување и управување во рок од 30 години.

- Условите , начинот , времетраењето на одстапување на објектот ко е предмет на

јавното приватно партнерство , ќе се регулира со посебен Договор за јавно приватно партнерство

- Објектот предмет на договорот за јавно приватно партнерство кој ќе биде лоциран во Прилеп на градежно земјиште на КП.бр.19447/2 , кое е во трајно користење на ЕЛС-Општина Прилеп , евидентирано во Имотен лист број 15248 КО Прилеп со површина од 4267 $м^2$ , согласно извод од Детален урбанистички план бр.09-1519/2 , треба да биде изграден согласно на Урбанистички проект Тех.бр.18/2007 на ЈП за ПУП – Прилеп. ( Врз основа на Урбанистички проект Тех.бр.18/2007 на ЈП за ПУП – Прилеп , приватниот партнер , во име на Јавниот партнер , а на своја сметка , ќе биде должен да обезбеди Техничка документација (Проектна документација) , за оваа намена во рок од 45 дена од денот на склучување на Договорот за јавно приватно партнерство , врз основа на кој Јавниот партнер-ЕЛС-Општина Прилеп ќе обезбеди Одобрение на градба во рок од 14 дена од денот на усвојувањето , од страна на Јавниот Партнер , на Проектната документација . Јавниот партнер си го задржува првото да побара измени и дополненија на Проектната документација пред нејзиното конечно усвојување.

**Дел V – Услови , опис и обем на јавните услуги и дејности кои ќе бидат предмет на договорот за јавно приватно партнерство**

- Објектот предмет на договорот за јавно приватно партнерство , кој ќе биде изграден од страна на Приватниот партнер , врз основа на Основниот проект треба да е изграден во согласност со Правилникот за потребната опрема и начинот на определување на категоријата на автобуските станици (Сл.Весник на РМ бр.80/2007).
- Објектот предмет на договорот за јавно приватно партнерство , потребно е од страна на приватниот партнер да биде изграден , врз основа на Основниот проект, во согласност со Правилникот за потребната опрема и начинот на определување на категоријата на автобуските станици (Сл.Весник на РМ бр.80/2007) , за објекти за Автобуски станици од **И** – Категорија.

**<u>Дел VI</u> – Правни , Економски , Финансиски и Технички информации**

1.1. Предметот на договорот за јавно приватно партнерство е неделив

1.2 Не е дозволено поднесување на алтернативни понуди

1.3. Гаранција на понудата - 5 % од вредноста на понудата

1.4.Гаранција за квалитетно извршување на договорот за јавно приватно партнерство – 10 % од вредноста на понудата

1.5. Не се предвидува здружување на група приватни партнери

**Критериуми за утврдување на на способност на приватните партнери подносители на понуда** :

1.6.1. За докажување на личната состојба , приватниот партнер треба да достави :

- Изјава на приватниот партнер дека во последните 5 години не му е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација , корупција , измама или перење на пари
- потврда дека над приватниот партнер не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека над приватниот партнер не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци , придонеси и други јавни давачки од надлежен орган каде приватниот партнер е регистриран
- уверение дека со правосилна пресуда на приватниот партнер не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија , дејност или должност , односно привремена забрана за вршење на одделна дејност.

1.6.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност , приватниот партнер треба да достави :

- Документ за регистрирана дејност на приватниот партнер издаден од надлежен орган

1.6.3.За докажување на економската и финансиската состојба , приватниот партнер треба да достави :

- Соодветни изводи од банки
- Приказ од билансите или извадоци од билансите на приватниот партнер
- Извод од целокупниот промет на приватниот партнер и тоа за најмалку за последните три години
- Потврда за бонитет и за платени даноци и други јавни давачки издаден од надлежен орган

1.6.4. За докажување на техничката или професионалната способност , приватниот партнер треба да достави :

- Список на изведени работи во текот на последните пет години , заедно со потврди за задоволителни изведби на најзначајните работи , со вредност , датум , локација на работите , како и тоа дали тие биле изведени според правилата на професијата и дали соодветно биле завршени
- Список на извршени услуги ( од оваа област – опционално) во последните три години , со износи , датуми , приматели , без оглед на тоа дали истите биле јавни или приватни
- Индикација за вклучени технички лица , особено за лица кои се одговорни за контрола на квалитетот , односно на технички лица кои се одговорни за изградбата на објектот предмет на јавното приватно партнерство
- Опис на техничките објекти и мерки кој ќе ги користи приватниот партнер со цел обезбедување на квалитет на изведба на објектот и извршување на услугите
- Образовните и професионалните кфалификации на понудувачот-приватен партнер , како и Образовните и професионалните кфалификации на членовите на органите на управување , а особено на

лицата одговорни за обезбедување на услуги или раководење со работата
- Извештај за просечниот годишен човечки потенцијал кај понудувачот – приватен партнер и бројот на раководен кадар во последните три години
- Извештај за постројките или техничката опрема која на понудувачот-приватниот партнер му е на располагање за извршување на предметот на договорот за јавно приватно партнерство
- Известување за елементите на договорот кој приватниот партнер има намера да ги одстапи на подизведувач.

**Дел VII-Времетраење на огласот**

**-** Огласот за доделување на договор за јавно приватно партнерство " Изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници " на територијата и за потребите на ЕЛС-Општина Прилеп бр.1/2008 **, ќе трае 26 дена ,** сметано од денот на јавното објавување во "Сл.Весник на РМ" а ќе се објави и во "Сл.Гласник на Општина Прилеп" и во домашно јавно гласило.

**Дел ВИИИ -Критериуми за доделување на договорот**

Критериуми за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка се:

**- Критериуми за доделување на договорот за јавно приватно партнерство**

**- Економски најповолна понуда изборана согласно на следните критериуми :**

а. Месечен надоместок изразен во денари по м2 од земјиштето кој приватниот партнер ќе го плаќа на јавниот партнер ....................... 20 бода

б. Висината на материјалните средства кој приватниот партнер ќе ги вложи во инфраструктура ……………...........……… 30 бода

в. Висината на материјалните средства кој приватниот партнер ќе ги вложи во објектот за јавна автобуска станица согласно на инвестиционо техничката документација ……………………...................................... 30 бода

г. Бројот на лица кој приватниот партнер ќе ги вработи во рок од 5 години за извршување на дејноста од јавен интерес -давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници ……….................................................... 10 бода

д. Рок на отпочнување за вршење на дејноста од јавен интерес –давање на услуги за прием и испраќање на автобуси ипатници …. 10 бода

ВКУПНО : 100 бода

**Дел IX -Административни информации**

1.1. – Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи
- Цена 3.000,оо денари

Начин и услови на плаќањето
-Назив на примачот –Трезорска сметка
- Банка на примачот – НБРМ
- Сметка 100000000063095
- Уплатна сметка – 840 156 03390
- Приходна шифра и програма – 722 316 00

1.2.- Понудите да се доставаат најдоцна до 31.07.2008 г. во 12 часот на адреса ул."Питу Гули" бр.2- 7500 Прилеп.

1.3. Јавното отварање на понудите ќе се одржи на денот и часот определен како краен рок за доставување на понудите и тоа на ден 31.07.2008 г. во 12.00 часот во ЕЛС-Општина Прилеп , во канцеларија бр.3.

1.4.-Дополнителни информации
- ЕЛС-Општина Прилеп ул."Питу Гули"бр.2-Прилеп , Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство – Претседател-Ицко Чупаркоски тел.-075 427 438

КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ПРИ ЕЛС –ОПШТИНА ПРИЛЕП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ицко Чупаркоски

**ЈАВНА ОБЈАВА ОД СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

Врз основа на член 86 и 87 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 38/2005 Општина Прилеп Сектор Инспекторат врши:

**ЈАВНА ОБЈАВА**

На Решение за отстранување на градбата: деловен објект од времен карактер на КП бр. 14283/6, 14283/5 и 14289/2 во КО Прилеп со У.П. бр. 19.1-46/2 од 18.02.2008 година, донесено од овластениот градежен инспектор на Општина Прилеп, а за странката Сиљаноски Ристо со стан на улица "Борка Утот" бр. 13 - Прилеп.
Се повикува странката Сиљаноски Ристо со стан на улица "Борка Утот" бр. 13 - Прилеп, да се јави во органот во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето во дневен печат.
Се предупредува странката дека ваквиот начин на доставување се смета за уреден и странката ги сноси негативните последици.

Општина Прилеп
Сектор Инепекторат

# С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 8 од 26.06.2008 година

1. Одлука за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за УАЕ бр. 2, урбан блок 2/2 - дел, блок "Б" во Прилеп. ........................................ Стр. 1

2.Одлука за утврдување Нацрт-Урбанистички план вон населено место - за изградба на стопански комплекс - погон за преработка на шумски плодови, овошје и зеленчук, МВ "Долно Садово", на КП бр. 3928, КО Прилеп, во Општина Прилеп. ........................................ Стр. 2

3. Одлука за утврдување Нацрт-Урбанистички план вон населено место - за изградба на стопански комплекс - стоваришно-сервисни објекти во МВ "Калканица", на КП бр. 6 и 7, КО Селце, Општина Прилеп. ........................................ Стр. 4

4. Одлука за одобрување на Проект за подобрување, рехабилитација и реконструкција на постоен локален пат. ........................................ Стр. 5

5. Одлука за давање дозвола за вршење комунална дејност од јавен интерес од локално значење на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп. .............Стр. 6

6. Одлука за откажување од правото на трајно користење - долготраен закуп на градежно неизградено земјиште во КО Прилеп за КП Бр. 8227/4........................................ Стр. 6

7. Одлука за откажување од правото на трајно користење - долготраен закуп на градежно неизградено земјиште во КО Прилеп за КП Бр. 8253/10. ........................................ Стр. 7

8. Одлука за за одобрување на Барањето од ЈКП "Комуналец" - Прилеп за добивање средства за учество за изградба на комунален објект "Капела" - мртовечница. ................. Стр. 8

9. Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на Оперативниот План за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп во 2008 година........................................ Стр. 8

10.Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за започнување постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес - уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници........................................ Стр. 9

11. Решение за именување експерт за учество во работата на Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна авобуска станица во Прилеп........................................ Стр. 10

12. Решение за разрешување и именување членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот........................................Стр. 11

13. Одлука за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ТД "Земјоделско индустриски комбинат Прилеп" Д.О.О. - Прилеп......... Стр. 11

14. Одлука за утврдување Нацрт -Детален урбанистички план за УАЕ бр. 20, урбан блок 20/3 - дел, блок "А" во Прилеп........................................ Стр. 12

**АКТ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

1. Оглас за доделување на договор за Јавно приватно партнерство " Изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-давање на услуги за прием и испраќање на автобуси и патници "на територијата и за потребите на ЕЛС-Општина Прилеп бр.1/2008........................................ Стр. 13

**ЈАВНА ОБЈАВА ОД СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ**

1. Јавна објава на Решение за отстранување на градбата: деловен објект од времен карактер на КП бр. 14283/6, 14283/5 и 14289/2 во КО Прилеп со У.П. бр. 19.1-46/2 од 18.02.2008 година. ........................................ Стр. 15

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска

ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.